РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-5070/6
26.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.12.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Магдалена Давидовска Довлева, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 45-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.12.2024 година.
2. Нацрт-Правилник за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Канал Вис од Струмица.
4. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.
5. Предлог - решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.12.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Сектор за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го презентираше Нацрт-правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа. Објасни дека носењето на овој Правилник произлегува од членот 144-б од Законот, каде во ставот 8 е утврдена обврска за Агенцијата да ги пропише формата и содржината на пријавата за евидентирање во регистарот на даватели на услугата платформи за споделување видеа. Посочи дека во преодните одредби од Законот од јули 2023 година Агенцијата има обврска во рок од 2 години да ги донесе сите подзаконски акти што произлегоа од тие измени, и во таа насока се постапува сега и покрај тоа што нема во моментот субјект кој што би бил предмет на регулација. За предложената Нацрт верзија се предлага да се отвори јавна расправа во траење од 30 дена.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека го поддржува Нацрт документот и дека во следните 30 дена и Советот и јавноста ќе го разгледаат уште подетално и можеби ќе има предлози за да се направат евентуални корекции.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник да го објави на веб-страницата на Агенцијата, согласно член 10 од ЗААВМУ и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 30 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Канал ВИС од Струмица. Објасни дека радиодифузерот подолго време се соочува со проблеми, и потсети дека оваа година во текот на месец август, Советот му ја одзема дозволата, па потоа со тужба пред Управен суд си ја врати дозволата. Во тој период за радиодифузерот се покрена постапка поради две причини, заради неплатен надомест и заради неисполнување на минималниот број на вработени. Сега повторно е констатирано дека не го исполнува бројот на вработени лица во радиодифузерот, односно согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови, радиодифузерот е обврзан главниот и одговорен уредник да го вработи во редовен работен однос.

Комуницирано е со радиодифузерот, проблемот не е надминат и затоа се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата и во периодот од 15 дена ќе се види дали радиодифузерот ќе го реши проблемот со вработувањето на главниот и одговорен уредник.

Г-дин Петрушевски нагласи дека членовите на Советот не сакаат вакви одлуки да носат, но не можат да работат спротивно на Законот. Изрази надеж дека во следните 15 дена телевизијата која долги години работи во тој регион ќе успее да го надмине проблемот и ќе се запре постапката. Предложи навремено да му се укаже на крајниот рок за решавање на проблемот.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврските од член 62 став 6 од ЗААВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, согласно констатациите од Писмениот извештај за редовен административен надзор бр.03-5048/1 од 06.12.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ги исполни обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, односно не ја достави потребната документација од која што може да се констатира дека одговорниот уредник е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово. Објасни дека радиодифузерот во законски предвидениот рок го нема платено годишниот надоместок за телевизиско емитување. Службата имаше комуникација со ТВ ЊУЗ но и покрај тоа што ветил не го подмири долгот. Со покренување на постапката ќе добие уште 15 дена, ако евентуално не го плати надоместокот ќе следи одземање на дозволата, доколку плати тогаш на 25-ти декември ќе се запре постапката.

Г-дин Петрушевски нагласи дека Советот работи по Закон и при тоа во одлучувањето секогаш постапува еднакво за сите радиодифузери. Посака во следните 15 дена телевизијата да изнајде финансиски средства и да го плати годишниот надоместок.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, Уп1 бр.08-350 од 21.11.2022 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0198 од 08.11.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, Уп1 бр.08-350 од 21.11.2022 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог – решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола. Објасни дека самиот радиодифузер поднел изјава за да ја врати дозволата, односно доброволно да престане со емитување на програма. Согласно Законот како последица од тоа е бришење од регистарот на радиодифузери.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б - 97 ДООЕЛ Битола.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**